Life
WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

кционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-7446/3
07.09.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата сваесетипета седница на Управниот одбор на ден 7.9.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови и Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд со повеќекратно плаќање на премија**

**Член 1**

Управниот одбор на Акционерското друштво донесе одлука за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови и Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд со повеќекратно плаќање на премија .

**Член 2**

Во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови, направени се следните промени:

Во член 2: Се брише - Инвестициски фонд: Здружени парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови.

Се додава - Отворен инвестициски фонд – претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот. Друштво за управување со инвестициски фонд- е акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност на РСМ за вршење работи за основање и управување со инвестициски фондови.

Членот 3 се менува и ќе гласи: Заедно со осигурувањето на живот поврзано со инвестициски фонд, договорувачот на осигурување може да вклучи и дополнителни осигурувања кој што ги нуди осигурителот и за кој е платена дополнителна премија.

Членот 5 став 1 се менува и ќе гласи: Премијата од осигурувањето која договарачот е должен да му ја плати на осигурителот за склучување на полиса е составена од:

– Премија за осигурување – дел од премијата наменет за осигурително покритие во случај на смрт и/или доживување на осигуреникот;

– Премија за вложување – дел од премијата наменет за купување удели во инвестициски фонд регистриран во Регистарот на инвестициски фондови во РСМ, а го води Комисијата за хартии од вредност на РСМ, за што друштвото за осигурување на живот формира посебна резерва; и

- Трошоци за спроведување на осигурувањето – дел од премијата кој се однесува на покривање на трошоци за стекнување, административни трошоци, влезни и излезни надоместоци на инвестицискиот фонд, ако инестицискиот фонд во согласност со проспектот на фондот истите ги наплаќа и други трошоци поврзани со спроведување на осигурувањето.

Во Членот 12 се дополнува став 4 и истиот ќе гласи: Во случај на настанување на неможност за спроведување на Договорот за осигурување поради причина во домен на избраниот инвестициски фонд каде што се вложува премијата за вложување, осигурителот е обврзан да го извести договорувачот/осигуреникот на осигурувањето и да му понуди да премине во друг фонд кај истото друштво за управување со инвестициски фондови или да премине во друг фонд кај друго друштво за управување со инвестициски фонд.

Во Членот 12 се додаваат став 5 и став 6 и истите ќе гласат: 5. Договорувачот/осигуреникот на осигурувањето во рок од 15 дена треба да се произнесе за понудените алтернативи. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудените алтернативи се на товар на осигурителот.

6. Доколку договорувачот/осигуреникот на осигурувањето не ја прифати можноста за премин во друг фонд од точка 4 од овој член, осигурителот ќе смета дека настанал случај на доживување и на договорувачот/осигуреникот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискоритениот дел од премијата за осигурување.

Во Членот 15 се менува став 3 и ќе гласи: Договарачот го сноси инвестицискиот ризик при промена на вредноста на инвестираните удели. Според тоа, договарачот нема гарантирана сума при истекот на осигурувањето, а исто така и нема гарантирана откупна вредност. Бројот на удели што се купува во инвестицискиот фонд во име на договарачот зависи од цената на уделите на датумот на купување.

Во Членот 15 се менува став 4 и ќе гласи: Цената на уделите на последниот работен ден од претходниот месец е основа за пресметка за купување на удели во инестицикиот фонд само при склучување на договорот за осигурување, односно датумот на почеток на полисата.

Во Членот 15 се менува став 5 и ќе гласи: За сите останати уплати на премија, купување на удели во инвестицикиот фонд ќе се врши најмногу во рок од 15 работни дена од денот кога премијата е уплатена.

Во Членот 15 се менува став 6 и ќе гласи: Во случај на доживување на осигурувањето, пресметката на вредноста на вложените удели во инвестициското портфолио ќе се врши на последниот ден на тргување во месецот кој што е наведен на полисата за осигурување како датум на истек.

Во Членот 15 се додава став 7 и ќе гласи: Во случај на смрт на осигуреникот, пресметката на вредноста на вложените удели во инвестициското портфолио ќе се врши на датумот на настанување на штетниот настан.

Во Членот 24 се менува ставот 2 и ќе гласи: Осигурителот е должен до договорувачот/осигуреникот на осигурувањето да достави годишен извештај за склучениот договор за осигурување на живот во врска со купените удели во инвестицскиот фонд надоцна во рок од 30 дена по завршување на деловната година.

Во Членот 24 се додава ставот 3 и ќе гласи: Годишниот извештај од став (2) на овој член ги содржи најмалку следниве податоци:

1) сите уплати по основ на премија за осигурување и распределба на премијата на: премија за осигурување, премија за вложување, и трошоци за спроведување на осигурувањето;

2) износот на инвестициското портфолио на почетокот на деловната година (вклучително и бројот на удели и цената на уделот), односно од почетокот на до-говорот за осигурување доколку е склучен во текот на деловната година;

3) промените што се настанати во деловната година, одделно за секоја промена во инвестициското портфолио (број на удели, цена на уделот и датум на промена и опис на трансакцијата (пр. уплата, исплата поради покривање на трошоци, исплата поради плаќање на премија и сл.); и

4) износот на инвестициското портфолио на крајот на годината (вклучително и бројот на удели и цената на уделот).

Во членот 26 се брише ставот 2 со што членот ќе брои вкупно 7 ставови.

Во членот 40 се менува ставот 4 и 5 и ќе гласи:

4. Во врска со приговорите, барањата и сите други спорни прашања ќе одлучува второстепена комисија на осигурителот, која се состои од три члена, од кои најмалку еден е дипломиран правник.

5. Друштвото за осигурување е должно во рок од 30 дена од поднесување на приговорот до Второстепената комисија да одлучи и одговори по истиот. Во Прилог 1 кон условите се менува одредбата за Надомест во случај на откуп.

**Во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд со повеќекратно плаќање на премија направени се следните промени:**

Во член 2: Се брише - Инвестициски фонд: Здружени парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови.

Се додава - Отворен инвестициски фонд – претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот. Друштво за управување со инвестициски фонд- е акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност на РСМ за вршење работи за основање и управување со инвестициски фондови.

Членот 4 став 1 се менува и ќе гласи: Премијата од осигурувањето која договарачот е должен да му ја плати на осигурителот за склучување на полиса е составена од:

– Премија за осигурување – дел од премијата наменет за осигурително покритие во случај на смрт и/или доживување на осигуреникот;

– Премија за вложување – дел од премијата наменет за купување удели во инвестициски фонд регистриран во Регистарот на инвестициски фондови во РСМ, а го води Комисијата за хартии од вредност на РСМ, за што друштвото за осигурување на живот формира посебна резерва; и

- Трошоци за спроведување на осигурувањето – дел од премијата кој се однесува на покривање на трошоци за стекнување, административни трошоци, влезни и излезни надоместоци на инвестицискиот фонд, ако инестицискиот фонд во согласност со проспектот на фондот истите ги наплаќа и други трошоци поврзани со спроведување на осигурувањето.

Во Членот 11 се дополнува став 4 и истиот ќе гласи: Во случај на настанување на неможност за спроведување на Договорот за осигурување поради причина во домен на избраниот инвестициски фонд каде што се вложува премијата за вложување, осигурителот е обврзан да го извести договорувачот/осигуреникот на осигурувањето и да му понуди да премине во друг фонд кај истото друштво за управување со инвестициски фондови или да премине во друг фонд кај друго друштво за управување со инвестициски фонд.

Во Членот 11 се додаваат став 5 и став 6 и истите ќе гласат: 5. Договорувачот/осигуреникот на осигурувањето во рок од 15 дена треба да се произнесе за понудените алтернативи. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудените алтернативи се на товар на осигурителот.

6. Доколку договорувачот/осигуреникот на осигурувањето не ја прифати можноста за премин во друг фонд од точка 4 од овој член, осигурителот ќе смета дека настанал случај на доживување и на договорувачот/осигуреникот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискоритениот дел од премијата за осигурување.

Во Членот 14 се менува став 3 и ќе гласи: Договарачот го сноси инвестицискиот ризик при промена на вредноста на инвестираните удели. Според тоа, договарачот нема гарантирана сума при истекот на осигурувањето, а исто така и нема гарантирана откупна вредност. Бројот на удели што се купува во инвестицискиот фонд во име на договарачот зависи од цената на уделите на датумот на купување.

Во Членот 14 се менува став 4 и ќе гласи: Цената на уделите на последниот работен ден од претходниот месец е основа за пресметка за купување на удели во инестицикиот фонд само при склучување на договорот за осигурување, односно датумот на почеток на полисата.

Во Членот 14 се менува став 5 и ќе гласи: За сите останати уплати на премија, купување на удели во инвестицикиот фонд ќе се врши најмногу во рок од 15 работни дена од денот кога премијата е уплатена.

Во Членот 14 се менува став 6 и ќе гласи: Во случај на доживување на осигурувањето, пресметката на вредноста на вложените удели во инвестициското портфолио ќе се врши на последниот ден на тргување во месецот кој што е наведен на полисата за осигурување како датум на истек.

Во Членот 14 се додава став 7 и ќе гласи: Во случај на смрт на осигуреникот, пресметката на вредноста на вложените удели во инвестициското портфолио ќе се врши на датумот на настанување на штетниот настан.

Во Членот 23 се менува ставот 2 и ќе гласи: Осигурителот е должен до договорувачот/осигуреникот на осигурувањето да достави годишен извештај за склучениот договор за осигурување на живот во врска со купените удели во инвестицскиот фонд надоцна во рок од 30 дена по завршување на деловната година.

Во Членот 23 се додава ставот 3 и ќе гласи: Годишниот извештај од став (2) на овој член ги содржи најмалку следниве податоци:

1) сите уплати по основ на премија за осигурување и распределба на премијата на: премија за осигурување, премија за вложување, и трошоци за спроведување на осигурувањето;

2) износот на инвестициското портфолио на почетокот на деловната година (вклучително и бројот на удели и цената на уделот), односно од почетокот на до-говорот за осигурување доколку е склучен во текот на деловната година;

3) промените што се настанати во деловната година, одделно за секоја промена во инвестициското портфолио (број на удели, цена на уделот и датум на промена и опис на трансакцијата (пр. уплата, исплата поради покривање на трошоци, исплата поради плаќање на премија и сл.); и

4) износот на инвестициското портфолио на крајот на годината (вклучително и бројот на удели и цената на уделот).

Во членот 39 се менува ставот 4 и 5 и ќе гласи:

4. Во врска со приговорите, барањата и сите други спорни прашања ќе одлучува второстепена комисија на осигурителот, која се состои од три члена, од кои најмалку еден е дипломиран правник.

5. Друштвото за осигурување е должно во рок од 30 дена од поднесување на приговорот до Второстепената комисија да одлучи и одговори по истиот.

Во Прилог 1 кон условите се менува одредбата за Надомест во случај на откуп.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на ден 1.10.2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето и усогласување со законските прописи донесе одлука за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови и Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд со повеќекратно плаќање на премија.

Пречистениот текст од условите се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**
**Мартин Теов**

**Член на Управен одбор**
**Елена Јакимовска Петровска**